## ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА ИВАНОВСКА

Елена Атанасовска-Ивановска е една од најуспешните и најафирмираните пијанисти во Република Македонија, која активно учествува во музичкиот живот во земјава, но и надвор од неа. Основното и средното музичко образование го завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ во класата на проф. Лепа Мрмевска. Дипломира со највисока оцена CUM LAUDE на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на еминентниот проф. Борис Романов. Во 2005 година завршува постдипломски студии во класата на истиот професор. Во текот на музичкото образование се здобива со награди на државни и меѓународни натпревари. Повеќе први награди на републичко ниво, I награда на меѓународниот натпревар „Златен Лист“ во категорија на дуо состав во Сан Бартоломео, Италија (1996), II награда на истиот натпревар во категорија соло пијано (1996), II награда на натпреварот „Музиката и земјата“ во категорија на камерни состави, Софија, Р. Бугарија (1996), III награда на Шопеновиот натпревар во НовиСад, Србија (1997).Учествувала на пијано семинари кај еминентни професори: проф. Љ. Рошчина, проф. С. Доренски, проф. А. Бондурјански, проф. А. Валдма, проф. Ј. Михајловиќ, проф. М. Молова, проф. Н. Макарова, но најплодна и најуспешна е соработката со рускиот проф. Борис Романов, во чија класа ги продолжува студиите по пијано. Учествувала на летната музичка школа „Нови имиња“ во Суздаљ, Русија, каде што имаше забележителен настап на концертот на најуспешни семинаристи. Во 2003 година добива награда за најдобар студент од фондацијата „Франк Манинг“.

Повеќе пати имала соло настапи со Македонската Филхармонија и Камерниот оркестар на Музичката Младина на Македонија. Бројни се концертите во рамките на домашните реномирани фестивали „Охридско лето“, „Скопско Лето“, „Есенски музички свечености“, „Интерфест Битола“, „Денови на Македонска музика“, „Битолско лето“, „Гевгелиска есен“, но и фестивали надвор од земјава: „Сараевска Зима“ – Босна и Херцеговина, „Festival de Musica do palacio da Bolsa“ - Португалија, „Festival de Musica de Sant Pere de Rodes“ – Шпанија, „Guarnerius, Centar lepih umetnosti Jovana Kolundzije“- Р.Србија, „Carniarmonie“, „Нимус“- Р. Србија, „ДАМ фестивал“- Приштина, Косово и др. Со рецитали, полурецитали и како пијано соработник настапувала низ цела Македонија и надвор од неа: Русија, Америка, Франција, Шпанија, Португалија, Италија, Грција, Република Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Косово. Активно соработува со неколку уметници од Македонија, меѓу кои вредно е да се спомечат проф. м-р Гордана Јосифова-Неделковска, обоа, пијано дуото со проф. д-р Марија Ѓошевска, проф. д-р Горан Начевски, баритон и Ристо Ѓоревски- кларинет. Во 2015 година имаше успешен настап во Москва, каде настапи како гостин на концертот на дувачкиот квинтет од „Балшој Театар“, Москва, а по покана од музичкото училиште „М. Балакирјев“, беше член на жири на 11-от Фестивал за Славјанска музика, во категорија пијано.

Соработувала со Македонската Филхармонија како нејзин надворешен пијанист, како и со оркестарот за филмска музика F.A.M.E.S. Во моментов работи како доцент по корепетиција и практика на Факултетот за музичка уметност-Скопје.

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА**
**ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА "ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ"**
**КУМАНОВО**

# КОНЦЕРТ

## СО ЗВУЦИТЕ НА ОБОАТА...



**ГОРДАНА ЈОСИФОВА НЕДЕЛКОВСКА,**
**обоа**



**ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА ИВАНОВСКА,**
**пијано**

**Програма:**
J. С. Бах, Ф. Геминиани, С. Вероуст, Ч. Колин, Т. Лалиет, Е. Мориконе, арр.Кире Костов

Република Северна Македонија
Министерство за култура

**03.12.2019 (ВТОРНИК)** **МАЛА САЛА** **19.00 ч.**

## ПРОГРАМА:

1. Ј. С. Бах – Ариа за обоа и пијано

2. Ф. Цеминиани - Соната за за обоа и пијано

Анданте

Алегро

Ларго

Алегро

3. С. Вероуст – Концертно соло за обоа и пијано Бр. 4

4. Ч. Колин – Конкурс за соло бр. 1 оп.33 – за обоа и пијано

5. Т. Лалиет – Фантазие оригинале оп. 6 за обоа и пијано

6. Е. Мориконе: Обоата на Габриел (Мисија) за обоа и пијано

7. „Не си го продавај Кољо“ за обоа и пијано (аранжман Кире Костов)

## ГОРДАНА ЈОСИФОВА-НЕДЕЛКОВСКА (ОБОИСТ)

Проф. м-р Гордана Јосифова-Неделковска дипломира и магистрира на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во класата на проф. Киро Давидовски, а се усовршува на академијата „Моцарт“ во Варшава, Полска и BANFF центарот за музика и звук во Канада, како нивен стипендист. Добитник е наповеќе награди на државни и меѓународни натпревари.

Јосифова-Неделковска како солист настапува со многу значајни оркестри како Симфонискиот оркестар на националната капела на Санкт-Петербург, камерниот оркестар „Музика вива“ под водство на истакнатиот диригент и виолончелист Александар Рудин, Сервантес Филхармонија од Шпанија, оркестарот Кими Синфониета од Финска, оркестарот на Вилах Филхармонија од Австрија, оркестарот на Моравската Филхармонија од Чешка, оркестарот Талин Синфониета од Естонија, Симфонискиот оркестар на Рим, Симфонискиот оркестар на Белград, Гудачкиот камерен оркестар на Словенската филхармонија, камерниот оркестар „Софиски Солисти“, Македонската филхармонија, Македонскиот камерен оркестар, камерниот оркестар „Св. Ѓорѓе“, Оркестар на Авињон-Прованса, Камерен оркестар на Порто Алегре – Бразил, Обединет европски камерен оркестар, итн. Со бројни рецитали има настапувано во Канада, САД, Кина, Бразил, Естонија, Холандија, Франција, Белгија, Шпанија, Португалија, Полска, Италија, Германија, Чешка, Русија, Украина (настап со извонредниот виолинист Најџел Кенеди), Финска, Турција, Грција, Бугарија, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора и Македонија, настапувајќи во сали како престижните: „Верди“ во Милано, Аудиториумот „S. Margherita“ во Венеција, „Botteghino Auditorium conciliazione“ во Рим, „Сметана Хол“ во Прага, итн. Репертоарот на Јосифова-Неделковска опфаќа дела од раниот барок, па се до современото творештво, вклучувајќи и бројни праизведби на дела од современите композитори и голем број на дела од македонски автори. Од големо значење е поканата од страна на легендарниот Енио Мориконе, Гордана Јосифова-Неделковска да настапи заедно со него на свеченото отворање на фестивалот „Охридско Лето“ во 2009 година.

По успешното претставување во 2010 на московскиот „АртНовембер“ фестивал, каде критиката ја претстави како „поетеса на обоа“, Јосифова-Неделковска активно настапува во Русија и тоа на фестивали како Бах Маратонот во 2011 година и Моцарт Маратоното 2014 година, делејќи ја сцената на најпознатата руска сала, Бољшој Зал, со едни од најистакнатите светски музички имиња: Петер Лаул, Александар Гиндин, Алексеј Володин, Илја Грінголц, КристоферТејлор и други.

Гордана Јосифова-Неделковска е редовен професор по предметите обоа, камерна музика и методика на наставата на дувачките инструменти на Факултетот за музичка уметност – Скопје. Од учебната 2009/2010 година таа е избрана за декан на овој факултет, а во учебната 2013/2014 година е реизбрана за декан за уште еден мандатен период. Од 15.09.2016 е назначена за Проректор за меѓународна соработка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.